АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ, ДИРЕКЦИЈА
11 Октомври 9, 1000 Скопје, п. фах 16, Р. Македонија

Врз основа на Одлуката за усвојување на Декларација за опшествена одговорност на АД ЕЛЕМ-Скопје УО бр.02-5327/89/5 од 30.11.2009 година, АД ЕЛЕМ - Скопје, објавува

***ЈАВЕН ПОВИК БР.1/12 ЗА ПРИБИРАЊЕ НА АПЛИКАЦИИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА СОГЛАСНО ДЕКЛАРАЦИЈАТА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА АД ЕЛЕМ – СКОПЈЕ***

**1 ОПШТИ ОДРЕДБИ**

1.1. Средствата за распределба ги обезбедува А.Д Електрани на Македонија- Скопје, од сопствени извори, со седиште на ул.11 Октомври бр.9, Скопје.

1.2. Средствата ќе се обезбедат во вид на финансиски средства – спонзорства, донации и сл. и во вид на услуги / материјали обезбедени од страна на АД ЕЛЕМ преку своите подружници и ДООЕЛ-и (хотелско ресторантски услуги, градежно занатски услуги, транспортни услуги, услуги од механизација, материјали и сл.)

1.3. Области кои ќе бидат помогнати се:

- 1.3.1 Здравство и здравствена заштита
- 1.3.2 Социјална заштита
- 1.3.3 Спорт
- 1.3.4 Екологија
- 1.3.5 Култура и уметност
- 1.3.6 Образование и наука
- 1.3.7 Развој на граѓанско општество
- 1.3.8 Поддршка на религиозните заедници

Приоритетите во рамки на секоја област се дефинирани во Упатството за пријавување на апликации во делот 1.2. Активностите кои ќе се поддржат во секоја од овие области треба да се насочени кон остварување на поширок јавен интерес и/или подобрување на благосостојбата на пошироката заедница.

1.4. Предвидени се два типа на поддршка преку донации и спонзорства

- 1.4.1 Поддршка I: 120.000 – 360.000 денари
- 1.4.2 Поддршка II: 600.000 – 3.000.000 денари

Намената на двата типа на поддршка се образложени во Упатството за пријавување на апликации во делот 1.3.

1.5. Право да достават апликација имаат, сите домашни, физички и правни лица со непрофитен карактер (здруженија, спортски друштва и манифестации, културни друштва и манифестации, религиозни заедници, јавни установи и сл.) кои делуваат во областите кои ќе бидат подржани. Предност ќе имаат правните лица. Физичките лица ќе бидат поддржани во исклучителни случаи кога нивното делување е од особен интерес за Република Македонија.

1.6. Секој апликант може да достави само една апликација во рамки на повикот во само една од понудените области.

1.7. Апликацијата на правните лица и на физичките лица се состои од формулар за аплицирање и четири прилози.

1.10. Нецелосните апликации не се разгледуваат.

## 2 ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ПОВИКОТ, ПРЕВЗЕМАЊЕ И СОДРЖИНА НА АПЛИКАЦИЈАТА

2.1. Повикот трае од денот на објавување во јавните гласила па до 28.02.2012 г.
2.2. Апликацијата задолжително се поднесува во писмена форма на образецот кој може да се добие без надомест на следните интернет адреси: www.elem.com.mk, www.konekt.org.mk или на факс со претходно барање на телефонот 02 3224198.
2.3. Апликацијата треба да биде пополнета согласно Упатството за пријавување на апликации кое може да се добие на истиот начин како и формуларот за аплицирање.
2.4. Заедно со формуларот за аплицирање се доставува и:

- копија од уверение за државјанство (само за физички лица)
- копија од документ за тековна состојба на апликантот (само за правни лица)
- изјава на апликантот дека во последните 5 години не му е изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари (за правни и за физички лица)
- претставување на апликантот (CV за физички лица и профил на апликантот за правни лица)
- план/програма за која се бара финансиската поддршка, а чиј дел се активностите од поднесената апликација (за правни и за физички лица)

2.5. Дополнителни информации во врска со аплицирањето можат да се добијат во Здружение Конект на 02 3224 198 или на konekt@konekt.org.mk. Конект е овластена од страна на АД ЕЛЕМ да го врши администрирањето на повикот.

## 3 НАЧИН И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

3.1. Изборот на апликанти на кои ќе им бидат доделени средства, ќе го врши Комисија на АД ЕЛЕМ, според правила и критериуми усвоени од страна на Управниот одбор на АД ЕЛЕМ. Критериумите за избор се наведени во Упатството за пополнување на апликацијата.
3.2. Отворањето и оценувањето на апликациите ќе се врши без присуство на апликантите.

## 4 НАЧИН И РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА АПЛИКАЦИИТЕ

4.1. Апликацијата се доставува анонимно, во еден оригинален примерок, потпишана од страна на апликантот / одговорното лице на апликантот, во затворен коверт соназнака:
"НЕ ОТВОРАЈ" - АПЛИКАЦИИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВА СОГЛАСНО ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ НА АД ЕЛЕМ-СКОПЈЕ.
4.2. Рокот за доставување на апликацијата е најдоцна до **28.02.2012 до 16 часот** (до овој рок апликацијата да е во архивата на Здружението Конект-Скопје) .
4.3. Апликантите своите апликации треба да ги достават по пошта или лично на следната адреса: Здружение Конект, ул. „Вељко Влаховиќ" 22а-1/2, 1000 Скопје.

## 5 ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

5.1. Поднесените апликации не се враќаат.
5.2. АД ЕЛЕМ и Здружение Конект се обврзуваат, содржината на апликацијата да не ја прават достапна на трети лица освен во случаите предвидени со закон.
5.3. Апликациите поднесени по утврдениот рок и оние што не се изработени според барањата на овој Повик нема да се разгледуваат.

5.4. АД Електрани на Македонија го задржува правото да го намали бараниот буџет или да ја даде донацијата/спонзорството во дел или целост како не-финансиски средства доколку смета дека тоа е потребно и соодветно.
5.5. Секој апликант кој ќе добие средства е обврзан да достави извештај за искористеноста на средствата и реализирањето на активностите согласно одредбите наведени во Договорот за доделување на средствата.
5.6. Секој апликант е должен да ја чува кај себе документацијата во врска со доделените средства 5 години од моментот на доделување на средства.
5.7. Секој апликант кој ќе добие средства е обврзан на адекватен начин, во обласата во која делува како и кон пошироката општествена заедница да го промовира АД ЕЛЕМ како општествено одговорна компанија, а за што ќе има посебни состаноци со секторот за односи со јавност на АД ЕЛЕМ-Скопје.
5.8. АД ЕЛЕМ-Скопје и Здружението Конект ќе вршат следење и евалуација на апликантите корисници на средства од АД ЕЛЕМ за тоа дали средствата се искористени за исполнување на целите наведени во апликацијата на апликантот.

АД ЕЛЕМ-
СКОПЈЕ